# РЕФЕРАТ
# ЗА ПРЕИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, на својата седница одржана на 27.6.2005 год., со одлука бр. 02-871 определи Рецензентска комисија за преизбор во научно звање на кандидадтот д-р Панде Лазаревски, научен советник при Институтот, кој се јави на конкурсот објавен во весникот "Дневник" на 22.6.2005 год. Комисијата во состав: проф. д-р Стојмен Михајловски, редовен професор, проф. д-р Емилија Симоска, редовен професор, и проф. д-р Цветко Смилевски, редовен професор, по прегледот на материјалот, на Советот му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Панде Лазаревски е роден 1960 год. во Битола. Во академската 1978/79 год. се запишал на Факултетот за политички науки (насока за меѓународна политика) при Универзитетот во Белград. Во текот на студиите направил едногодишна пауза заради отслужување на воениот рок (1982/83) и дипломирал стекнувајќи се со звањето дипломиран политиколог во 1984 год. Во 1990 год. д-р Лазаревски запишал постдипломски студии по политички науки при Институтот за сицiолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со звање магистер на политички науки се стекнал во 1992 год. (магистерски труд со наслов: "Програмско-политичките ориентации на доминантните парламентарни партии и на Владата по првите повеќепартиски избори во РМ"). Во 1993 година д-р Лазаревски се стекнал со звање доктор на политички науки со одбраната на докторската дисертација "Основи на моделирањето на политиката". Дисертацијата ја одбранил на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Д-р Лазаревски ги посетувал и со успех ги завршил следниве форми на дополнително специјалистичко образование/усовршување што се релевантни за унапредување на приодот во наставата: Специјалситичка програма за општ менаџмент на Школата за менаџмент во Маастрихт, Холандија (1992); Напредната програма за обука на обучувачи за решавање на конфликти и преговарање, реализирана од Центарот за применети студии за меѓународно преговарање од Женева, Швајцарија (1994); Семинар за пишување и употреба на студии на случај како средство во наставата за применета политика, реализиран од страна на Постдипломската школа за јавни работи при Универзитетот на Вашингтон од Сиетл, САД (1995); Семинар за увежбување на политичко реагирање при меѓународни политичко-воени кризни состојби (Семинар за кризни ситуации) на Школата за напредни меѓународни студии при Универзитетот "Џонс Хопкинс" во Вашингтон, Д.К., САД (1996); едномесечен семинар по политичка психологија, организиран и одржан во Мершоновиот центар за студии по меѓународна безбедност и применета политика при Универзитетот на државата Охајо, Колумбус, САД (1996). Исто така, тој бил корисник на две угледни меѓународни стипендии: Фулбрајтовата стипендија

(1995/96, реализирана на Универзитетот на Питсбург и Универзитетот на државата Охајо, САД) и ТЕМПУС стипендија за индивидуална мобилност (1997 год., реализирана на Универзитетот "Македонија" во Солун, Грција). Во контекст на интересирањето за прашањата на креирањето и спроведувањето политика на локално ниво е и неговото учество на семинарот за обука на обучувачи во врска со проблемите на "Јавната администрација во локалните јавни служби", (1997), организиран од Холандската асоцијација на општините. Согласно со неговиот академски интерес за прашањата и проблемите на граѓанското општество, д-р Лазаревски во 1998 год. бил на едномесечен студиски престој на Универзитетот во Лондон на тема "Граѓанското образование и практикувањето на демократијата".

Од 1985 година, Д-р Лазаревски е вработен во Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во процедура утврдена со закон и согласно актите на Универзитетот и Институтот, д-р Лазаревски во 1986 година е избран во соработничко звање помлад асистент. Во звањето асистент е избран во 1993 година, а за научен соработник следната 1994 година. Во звањето виш научен соработник е избран во 1997 година, а за научен советник во 2001 година.

Области на професионален (научно - истражувачки) интерес на д-р Лазаревски се: применета политика (приод, креирање, спроведување, следење, вреднување) политичка аналитика и прогностика, јавна администрација; национална безбедност, одржлив развој, граѓанско општество и оспособување на локалната власт и граѓаните за решавање на заедничките проблеми со кои се соочуваат.

Активно го владее англискиот јазик.

Бил претседател на Советот на ИСППИ во периодот 1996-99, а за директор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања е избран во 1999 година и преизбран на истата функција во 2003 година (со мандат од 4 години).

Д-р Лазаревски бил член на Одборот за акредитација (2001-2003), а активен придонес дава и во определувањето на националните приоритети во рамките на програмата ТЕМПУС.

До изборот за научен советник, во рамките на редовните работни обврски во Институтот, д-р Лазаревски бил ангажиран на множество научно - истражувачки проекти насочени кон истражувањето на политичките, менаџерските, одбранбените и социо - конфликтните феномени, и тоа во различни фази од нивната реализација и во различни својства: секретар на проект, истражувач-соработник, се' до раководител на проект. Притоа, д-р Лазаревски раководел со реализацијата на следниве проекти: "Стратешки интереси, цели и политика на РМ" (1996/97); "Поставеноста и остварувањето на националната безбедност во државната политика на РМ" (1998-2001); "Концепциски приод во креирањето и остварувањето на националната стратегија за одржлив развој" (2000). Покрај посочените проекти, статус на кораководител или со-координатор имал и во контекст на реализацијата на следните проекти: "Стратешки менаџмент со културните и етничките различности преку јавната администрација во РМ" - финално презентиран под наслов: "Стратешки менаџмент со реформата на јавната администрација во РМ" (1999), реализиран во соработка на Институтот со канадската консултантска куќа SECOR; "Локалната администрација во

новоформираните општини во РМ" (1999); Tempus-Phare Compact Measures Project CME-03589-97: "Europe and Socrates: Развивање стратегии и административни структури за европско програмско умрежување" (1998/99, реализиран во соработка со Универзитетот "Македонија" во Солун, Грција); Tempus-Phare JEP -14359-1999 "Креирање институција и развивање наставен план и програма за јавна администрација во РМ" (1999/2001, реализиран во соработка со универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола како локален носител на проектот, Универзитетот "Македонија" во Солун, Грција, Универзитетот "Софија-Антиполис" во Ница, Франција и Универзитетот во Марбург, Германија).

Од изборот за научен советник, д-р Лазаревски бил ангажиран на повеќе раководни активности релевантни за остварување на научно - истражувачката дејност, од кои како позначајни ги издвојуваме: Центар за бегалци и присилни миграции при ИСППИ (раководител во периодот 2001-03); "Национален извештај за човековиот развој" (UNDP , 2001); "Реформа на локалната самоуправа во РМ" (во соработка со DAI и финансиран од USAID, 2001); "Поставеноста и организацијата на извршната власт во РМ и импликациите врз утврдувањето и реализацијата на државната политика" (Министерство за образование и наука, 2002-04); "Национална стратегија за одржлив развој" (Министерство за животна средина и просторно планирање и UNDP, 2003); "Пристап до информации и судир на интереси" (Транспарентност-Македонија, 2004); "Академски етички кодекс" (ФИОО, 2005); RIMED - "Регионална интеграција и развој на метрополите во Југоисточна Европа" (Универзитет на Тесалија, 2004/05).

Од февруари 2005 година, д-р Лазаравски е член на Меѓународниот одбор на Центарот за развој на Јужна и Источна Европа при Универзитетот на Тесалија во Волос, Грција.

Автор е на научниот труд "Методолошки концепт на стратешките истражувања" публикуван во збирната студија под наслов "Аспекти на националната безбедност на Република Македонија" (2001) во издание на Институтот. Станува збор за прв таков труд во земјата, каде што стратешките истражувања ги третира како применети политички истражувања (policy research) насочени кон креирање употребливи сознанија/препораки за креаторите на политиката, а во врска со фундаменталните политички прашања/проблеми релевантни за заштитата и промоцијата на виталните национални/државни интереси. Во континуитет со посочениот е и истражувачкиот извештај од погоре спомнатиот проект за поставеноста и остварувањето на политиката на национална безбедност во РМ, што е публикуван во коавторство (2002).

Наедно, д-р Лазаревски, во професионална смисла, бил ангажиан како консултант од страна на Претседателот на Републиката (2001 год.) и од страна на Агенцијата за државни службеници (2001-02 год.)

Имајќи го предвид научно - истражувачкиот ангажман на д-р Лазаревски, покрај неговата базична политиколошка втемеленост, видливи се врските со сродните дисциплини, и тоа во насока на нагласување на употребливоста на теориските сознанија во практиката. Спектарот на проектни теми на кои тој бил или е ангажиран упатува на холистичкиот приод во согледувањето и интерпретирањето на општествената реалност, а наодите со кои резултираа

посочените проекти зборуваат за комплексноста во приодот, каде што теориско-методолошката цел тесно е испреплетена со практичната. Наедно, настојувањето да се биде во постојан контакт со другите академски средини и отвореноста да се споделат искуствата и да се извлече нешто плус во таквата комуникација, зборуваат за академскиот профил на кандидатот.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на научно-предметната насоченост и вкупната активност и постигнувањата во доменот на научно - истражувачката работа, како и на ниво на неговата професионална оформеност и насоченсот кон примена и проверка на териските знаења во практиката, Рецензентската комисија му предлага на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, д-р Панде Лазаревски да биде преизбран во научното звање НАУЧЕН СОВЕТНИК.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Стојмен Михајловски, с.р.

2. Проф. д-р Емилија Симоска, с.р.

3. Проф. д-р Цветко Смилевски, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПРЕИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, на својата седница одржана на 27.6.2005 год., со одлука бр. 02-871/1 определи Рецензентска комисија за преизбор во наставно звање на кандидадтот д-р Панде Лазаревски, редовен професор при Институтот, кој се јави на конкурсот објавен во весникот "Дневник" на 22.6.2005 год. Комисијата во состав: проф. д-р Стојмен Михајловски, редовен професор, проф. д-р Емилија Симоска, редовен професор, и проф д-р Цветко Смилевски, редовен професор, по прегледот на материјалот, на Советот му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Панде Лазаревски е роден 1960 год. во Битола. Во академската 1978/79 год. се запишал на Факултетот за политички науки (насока за меѓународна политика) при Универзитетот во Белград. Во текот на студиите направил едногодишна пауза заради отслужување на воениот рок (1982/83) и дипломирал стекнувајќи се со звањето дипломиран политиколог во 1984 год. Во 1990 год. д-р Лазаревски запишал постдипломски студии по политички науки при Институтот за сициолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со звање магистер на политички науки се стекнал во 1992 год. (магистерски труд со наслов: "Програмско-политичките ориентации на доминантните парламентарни партии и на Владата по првите повеќепартиски избори во РМ"). Во 1993 година д-р Лазаревски се стекнал со звање доктор на политички науки со одбраната на докторската дисертација "Основи на моделирањето на политиката". Дисертацијата ја одбранил на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Д-р Лазаревски ги посетувал и со успех ги завршил следниве форми на дополнително специјалистичко образование/усовршување што се релевантни за унапредување на приодот во наставата: Специјалситичка програма за општ менаџмент на Школата за менаџмент во Маастрихт, Холандија (1992); Напредната програма за обука на обучувачи за решавање на конфликти и преговарање, реализирана од Центарот за применети студии за меѓународно преговарање од Женева, Швајцарија (1994); Семинар за пишување и употреба на студии на случај како средство во наставата за применета политика, реализиран од страна на Постдипломската школа за јавни работи при Универзитетот на Вашингтон од Сиетл, САД (1995); Семинар за увежбување на политичко реагирање при меѓународни политичко-воени кризни состојби (Семинар за кризни ситуации) на Школата за напредни меѓународни студии при Универзитетот "Џонс Хопкинс" во Вашингтон, Д.К., САД (1996); едномесечен семинар по политичка психологија, организиран и одржан во Мершоновиот центар за студии по меѓународна безбедност и применета политика при Универзитетот на државата Охајо, Колумбус, САД (1996). Исто така, тој бил корисник на две угледни меѓународни стипендии: Фулбрајтовата стипендија (1995/96, реализирана на

Универзитетот на Питсбург и Универзитетот на државата Охајо, САД) и ТЕМПУС стипендија за индивидуална мобилност (1997 год., реализирана на Универзитетот "Македонија" во Солун, Грција).

Од 1985 година, д-р Лазаревски е вработен во Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во процедура утврдена со закон и согласно актите на Универзитетот и Институтот, д-р Лазаревски во 1986 година е избран во соработничко звање помлад асистент. Во звањето асистент е избран во 1993 година, а за доцент по предметот политички инжинеринг (подоцна преименуван во применета политика) во 1994 година. Следната 1995 год. е избран и за наставник на предметот методологија на општествените истражувања од областа на политичките науки. Во звањето вонреден професор по предметите применета политика и Методологија е избран во 1997 година, а во 2001 години е избран за редовен професор.

Области на академски интерес на д-р Лазаревски се: применета политика (приод, креирање, спроведување, следење, вреднување) политичка аналитика и прогностика, проектен дизајн и методи релавантни за истражување на политичките феномени; јавна администрација; национална безбедност, одржлив развој, граѓанско општество и оспособување на локалната власт и граѓаните за решавање на заедничките проблеми со кои се соочуваат.

Активно го владее англискиот јазик.

Бил претседател на Советот на ИСППИ во периодот 1996-99, а за директор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања е избран во 1999 година и преизбран на истата функција во 2003 година (со мандат од 4 години).

Д-р Лазаревски бил член на Одборот за акредитација (2001-2003), а активен придонес дава и во определувањето на националните приоритети во рамките на програмата ТЕМПУС.

Д-р Лазаревски е редовно ангажиран во наставата и проверката на знаењата на кандидадтите по предметите применета политика и методологија на општествените истражувања на постдипломските студии при ИСППИ. Исто така, од изборот за редовен професор до денес, бил повеќепати ментор или член на комисии за оценка и одбрана на магистерски тези и докторски дисертации.

Во контекст на меѓународната проектна соработка што ја остварува Институтот, д-р Лазаревски бил ангажиран на развивање наставен план и програма за постдипломски студии по јавна администрација, во соработка со Превниот факултет во Скопје и Факултетот за политички науки при Универзитетот во Амстердам (2002).

Од академската 2003-04 година ангажиран е на постдипломскиот студиум по Меѓународна економија и бизнис на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, на предметот меѓонародни односи.

Посебно би ја нагласиле неговата улога во воспоставувањето на Постдипломскиот центар за применета политиика и менаџмент (дел од Постдипломскиот факултет за јавни и меѓународни работи при Универзитетот на Питсбург, САД), лоциран во Скопје, каде што тој има статус на дел од академскиот тим и беше ангажиран во реализацијата на програмата по предеметот применета политичка анализа (2003-04).

Од значење е неговиот ангажман како иницијатор на меѓународниот проект: Tempus-Phare JEP -14359-1999 "Креирање институција и развивање (додипломски) наставен план и програма за јавна администрација во РМ" (1999/2001, реализиран во соработка со Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола како локален носител на проектот, Универзитетот "Македонија" во Солун, Грција, Универзитетот "Софија-Антиполис" во Ница, Франција, и Универзитетот во Марбург, Германија), што резултираше со воспоставување на интердисциплинарни додипломски студии по јавна администрација и применета политика при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола (во 2002 годи.). На тој студиум, на д-р Лазаревски му се доверени предметите применета политика и применета политичка анализа (како задолжителни) и надворешна политика и надворешно-политичка анализа (како изборни).

Д-р Лазаревски бил консултант при развивањето на наставната програма на сатудиската насока по дипломатија и меѓународна политика на Факултетот за општествени науки во Скопје и е ангажиран во реализацијата на предметот Применета политика.

Од значење е да се спомене дека д-р Лазаревски бил организатор и раководител на Семинарот за симулација на кризни ситуации и справување со нив (2002 год.), насочен кон оспосбување на млади академски кадри за ползување на овој метод во реализацијата на наставата.

Покрај редовниот ангажман во реализацијата на наставата на постдипломските студии во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, д-р Лазаревски е ангажиран и како предавач на семинари и специјалистички обуки. Во таа смисла го нагласуваме неговиот ангажман како консултант во организацијата на летните школи реализирани од страна на институтот Евро - Балкан во соработка со Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, а бил организатор и директор на меѓународната летна школа на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања за 2001 под име: "Управувајќи со јавната администрација во транзиција".

Посебно го нагласуваме неговиот ангажман како главен педагошки координатор (2001-05) во осмислувањето и реализацијата на Високата административна обука што, во рамките на активностите на Агенцијата за државни службеници, непосредно се реализира од страна на ИСППИ и ЕНА, како дел од меѓудржавната соработка на Република Македонија со Република Франција. Како признание за неговиот ангажман, д-р Лазаревски е одликуван со орденот "Витез од редот на академскиот венец", доделен со декрет на Претседателот на Владата на Република Франција од 5 март 2005 година.